Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13.2.2019 година**

**Скопје, февруари 2019 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 13.2.2019 година**

Седницата започна во 22:55 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министерка за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваше и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменичката на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Северна Македонија м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Асаф Адеми, министер за култура, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора и Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*           *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог-одлука за определување на Денови на жалост

2. Прашања и предлози

*

*           *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Одлуката за определување на Денови на жалост, во предложениот текст.

**Точка 2**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*           *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 23:15 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**